Уп. бр.08-117

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ческа спорителна, а.д. (Česká spořitelna, a.s.) со адреса на Олбрахтова 1929/62, 14000 Прага 4, Чешка Република, преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Ческа спорителна, а.д. со седиште на Олбрахтова 1929/62, 14000 Прага 4, Чешка Република стекнува единствена контрола над кредитно портфолио на чешката филијала на БНП Парибас Персонал Фајненс СА (тн Хелоу банка) со седиште на Карла Енглише 3208/5, Смихов, 150 00 Прага 5, Чешка Република, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 08.08.2023 година, а дополнето на 17.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Ческа спорителна, а.д. со седиште на Олбрахтова 1929/62, 14000 Прага 4, Чешка Република, со која Ческа спорителна, а.д. Чешка Република стекнува единствена контрола над кредитно портфолио на чешката филијала на БНП Парибас Персонал Фајненс СА (тн Хелоу банка).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Ческа спорителна, а.д. е дел од Групацијата на друштва Ерсте, предводена од Ерсте Груп Банк АГ со седиште на Ам Белведере 1, 1100 Виена, Австрија. Групацијата Ерсте е еден од најголемите даватели на финансиски услуги во седум земји во Централна и Источна Европа.
Основната дејност на Групацијата Ерсте во Северна Македонија е обезбедување на банкарски и лизинг услуги за физички лица и корпоративни клиенти.

Ерсте Груп има три регистрирани субјекти во Северна Македонија:

(i) ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со единствен матичен бр. 4558669, со корпоративно седиште на Васил Иљоски бр. 14, Скопје, Северна Македонија и приоритетна деловна дејност – друго монетарно посредување;

(ii) Друштво за лизинг ШПАРКАСЕ ЛИЗИНГ ДОО Скопје, со единствен матичен бр. 6472958, со корпоративно седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје, Северна Македонија и приоритетна деловна дејност – финансиски лизинг;

(iii) С-АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје, со единствен матичен бр. 7002947, со корпоративно седиште на ул. Македонија бр. 34, Скопје, Северна Македонија и приоритетна деловна дејност – купопродажба на сопствен недвижен имот.

Кредитно портфолио на чешката филијала на БНП Парибас Персонал Фајненс СА (тн Хелоу банка) (целно портфолио) е портфолио на средства и обврски во Чешка Република што ги содржи, особено, побарувањата по основ на заем според договорите за потрошувачки кредит, како и самите соодветни договори, (вклучувајќи, во зависност од случајот, кредитни картички издадени со цел да се подигнат револвинг заеми од такви договори за потрошувачки кредит), што потекнуваат од чешката филијала на БНП Парибас Персонал Фајненс СА, избрани соодветни вработени, и помошните договори за колективно осигурување склучени, во принцип, од Продавачот за покривање на ризикот од неисполнување на обврските или други настани кои можат да ги спречат заемопримачите да ги отплатат своите потрошувачки кредити (освен ставките што се исклучени од Целното портфолио врз основа на соодветниот Договор за пренос на портфолио).

Целното портфолио нема никакви средства или активности во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**